**Опис на услуга**
**Туристички услуги од компании**

**Основни информации**
Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест од Скопје во рамки на проектот “We grow with the flow - Youth for rivers” финансиран од Agence Française de Développement – AFD, има потреба од туристички услуги од компании.

**Цел и задачи**
Ангажираната компанија ќе биде одговорна за организирање на следниве работи:

- Обезбедување сместување за 40 учесници со 6 ноќевања, првиот ден при пристигнувањето само со вечера, од вториот до шестиот ден со полн пансион и седмиот ден при заминување, само со доручек;
- Учесниците можат да бидат сместени и во повеќекреветни соби.
- Обезбедување на просторија за работа на учесниците, за 4 денови, опремена со проектор и флипчарт.
- Обезбедување на две кафе паузи во денот, за четирите денови додека се
- работи.
- Сите учесници треба да бидат сместени во ист хотел, кој се наоѓа во рамките на Националниот Парк Маврово;
- Организација на превоз за еднодневна екскурзија до селото Тресонче и Тресонечка Река;
- Сместувањето ќе биде потребно во втората половина на септември 2025 година.

**Временска рамка за доставување на понуда**
Периодот за доставување понуди е од денот на објавување на отворениот повик до 13.06.2025 година 16:00 часот.

По истекот на овие 7 дена Еко-свест ќе оформи комисија која ќе биде задолжена за избор на најдобра понуда.

Еко-свест ќе го контактира избраниот понудувач, не подоцна од 7 дена од истекот на периодот за доставување на понуда.

**Потребна документација за пријавување**

- Заинтересираните компании треба да достават:
- Понуда за туристички услуги со вклучен ДДВ
- Потпишана изјава (види Анекс 2)
- Кратко портфолио на компанијата
- Тековна состојба не постара од 6 месеци

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

Напомена!

Еко-свест ќе бара од избраниот понудувач пред склучување на договор за соработка да ја достави следната документација:

Тековна состојба/потврда за регистрирана дејност на добавувачот; потврда за солвентност/бонитет; потврда/информација од Централен Регистар за забрана за вршење дејност и регистар за казни на правни лица; уверение за платени даноци и придонеси; изјава дека ги исполнува критериумите за учество; биографии (CV) на консултантите; листа на референци/портфолио.

**Критериуми за понудувачите**
Активна компанија која е формирана согласно Законите во Република Северна Македонија, и постои најмалку 5 години. На повикот може да се пријават правни лица кои ги исполнуваат наведените правни и технички услови.

**Доверливост**
Сите информации кои се поврзани со оценка на понудите нема да бидат споделувани со никој кој не е официјално вклучен во процесот на селекција, дури и по завршување на процесот на избор. Сите податоци ќе се третираат како доверливи и нема да се користат, прибираат, споделуваат за други цели надвор од овој повик и целта на истиот.

**Пријавување и контакт информации**
Понудите треба да се испратат на email: darko@ekosvest.com.mk најдоцна до 13.06.2025 година до 16:00 часот, со назнака Доставување на понуда. Евентуални прашања за повикот можат да се доставаат до darko@ekosvest.com.mk најдоцна до 11.06.2024 година.

Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните понудувачи ќе бидат одговорени и доставени до сите поканети понудувачи и објавени на веб-страницата на Еко-свест под објавата за повикот. Нецелосните понуди, односно понудите испратени после предвидениот рок за аплицирање, нема да бидат земени во предвид.

**Евалуација на кандидатите**
Евалуационата комисија ќе ги извести само оние кандидати чија понуда ќе биде избрана.

Канидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми:
Портфолио на компанијата – 30 бодови
Финансиска понда – 70 бодови
Вкупно 100 бодови

Договор ќе биде склучен со оној кандидат кој освоил најмногу бодови, не подоцна од 30.06.2025.